**20100671199**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА СУДИИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за платите на судиите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 мај 2010 година.

Бр. 07 - 2115/1
12 мај 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА СУДИИТЕ

Член 1

Во Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Македонија“ број 110/2007, 103/2008, 161/2008 и 153/2009), во членот 5 ставот (2) се менува и гласи:

„Основицата за пресметување на платата на судиите е основицата за пресметување на платата за избрани и именувани лица утврдена согласно со Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија.“

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, при утврдувањето на износот на висината на основицата за пресметување на платата на судиите ќе се применува утврдениот износ за основицата за исплата на плата и временскиот период за кој таа се однесува согласно со одредбите од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, кои се однесуваат на примена на членот 11 од тој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.